Врз основа на член, 7 став (3) од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 231/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 39/21), а во согласност со член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје,(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 165/2020), Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје на 81- та седница одржана на ден 29.07.2021 година со Одлука УО бр. 02-4341/3 по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со Решение број 12-100/5 од 19.08.2021 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Комисија за утврдување на штети и определување на износот на надоместокот за штети

I. Општи одредби

### Член 1

(1) Со овој деловник се уредува начинот на работа и донесување на одлуките на Комисијата за утврдување на штети и определување на износот на надоместок на штети (во натамошниот текст: Комисија) во согласност со Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија (во натамошниот текст: Правила).

### Член 2

(1) Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: операторот) формира посебна Комисија за секое поднесено барање за надоместок на штета од производител или потрошувач на електрична енергија.

### Член 3

(1) Комисијата е составена од:
- еден член определен од страна на операторот на преносниот систем
- еден член определен од страна на производителот и
- еден независен член од редот на лиценцирани вешти лица од областа на електротехниката запишани во Регистарот на вештаци што го води Министерството за правда.

### Член 4

(1) Во случаите кога операторот врз основа на барањето на производителот не може да состави Комисија поради фактот што не може да достави предлог за лице за независен член, од редот на лиценцирани вешти лица од областа на електротехниката, како и кога Претседателот на Комората на вештаци на Република Северна Македонија не може да назначи вешто лице од областа на електротехниката како независен член на Комисијата, операторот постапува согласно член 6-а од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија ( во натамошниот текст: Правила)

**Член 5**

(1) Комисијата својата активност ја врши во Скопје, во дирекцијата на операторот, ул. „Максим Горки“ бр. 4, а по потреба се врши и увид на лице место.
(2) Комисијата нема свој печат и штембил. Актите и службената коресподенција на комисијата се заверуваат во архивата на операторот со штембил на операторот.
(3) Административните работи за потребите на Комисијата ги врши операторот.

II. Внатрешна организација на Комисијата

**Член 6**

(1) Со Комисијата раководи претседател на Комисијата кој е одговорен за објективно, транспарентно и недискриминаторно работење на Комисијата.
(2) Претседател на Комисијата е независниот член од редот на лиценцирани вешти лица од областа на електротехниката запишани во Регистарот на вештаци што го води Министерството за правда, или лице определено согласно член 6-а од Правилата.
(3) Претседателот на Комисијата потпишува Изјава за немање на конфликт на интереси.
(4) Со состаноците на Комисијата раководи претседателот.
(5) Претседателот ги свикува состаноците на Комисијата ако за тоа има согласност од сите членови.
(6) Одлуките на Комисијата се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата
(7) Комисијата работи до завршување на предвидените постапки согласно Законот за енергетика и Правилата, започнати со доставување на барањето за надоместок на штета.

**Член 7**

(1) На претседателот и членовите на Комисијата им претстанува вршењето на работата во Комисијата, ако:
- поднесат лично барање за изземање од именувањето,
- со решавање на спорот,
- неоправдано отсуствуваат од работата на Комисијата подолго од 2 (два) месеци,
- настапи неспојивост на вршењето на работата или конфликт на интереси и
- работат спротивно на Законот за енергетика* и Правилата.

III. Делокруг на работа на Комисијата

**Член 8**

(1) Комисијата ги врши следниве работи:
- разгледува барања за надоместок на штета од производители или потрошувачи на електрична енергија,
- бара изјави од ракувачи со енергетските постројки или други лица вработени или ангажирани од операторот и/или производителот,
- врши непосреден увид во објектите, опремата, постројките уредите и инсталациите на производителот односно потрошувачот,
- изготвува записник во кој се утврдува постоење, односно непостоење на штета, како и причините за настанувањето на штетата и времетраењето на прекините,
- го определува износот на надоместокот на штета и начинот на којшто е извршена пресметката за определување на надоместокот на штета,

- донесува одлуки за одбивање на барањето за надомест на штета, односно усвојување на барањето за надомест на штета.

**Член 9**

Членот на Комисијата кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Комисијата е должен за тоа благовремено да го извести претседателот на Комисијата.

IV. Начин на работа на Комисијата

**Член 10**

(1) Барањето за надомест на штета се доставува во архивата на Операторот каде овластено лице го заверува со приемен печат со наведување на соодветниот број на предметот и прилозите кон него согласно прописите за архивско и канцелариско работење.
(2) Кон барањето, производителот доставува и свој предлог на член на Комисијата.

**Член 11**

(1) По формирањето на Комисијата, завереното барање се предава на претседателот на Комисијата, додека копии од барањето се доставуваат и до членовите на Комисијата.
(2) Ако се утврди дека барањето не е комплетно, Претседателот на Комисијата ќе го повика подносителот на барањето во рок од 15 дена да го комплетира барањето.
(3) Доколку подносителот на барањето не го комплетира барањето во рокот од став (2) од овој член Комисијата ќе донесе Решение за отфрлање на барањето за надомест на штета.
(4) Коресподенцијата помеѓу членовите на Комисијата се води во писмена и електронска форма.

V. Свикување на седници и утврдување на дневниот ред

**Член 12**

(1) Комисијата работи на состаноци.
(2) Состаноците ги закажува Претседателот на Комисијата.
(3) Претседателот на Комисијата закажува состаноци по потреба.
(4) Претседателот на Комисијата ги известува членовите на Комисијата за денот, часот и местото на одржување на состаноците и тоа по правило најдоцна три дена пред одржувањето на состанокот .
(5) На почетокот на состанокот , претседателот утврдува дали се присутни сите членови за да може Комисијата во полн состав да одлучува и го предлага распоредот на разгледување на прашањата.

VI. Работа и одлучување на седниците на Комисијата

**Член 13**

(1) Комисијата може да расправа и одлучува кога на состаноците е во полн состав.
(2) На почетокот на расправата претстедателот на Комисијата дава збор на претставникот на подносителот на барањето за надомест на штета.
(3) Членовите на Комисијата имаат право да го разгледаат барањето, списите кон предметот, како и да поставуваат прашања од значење за одлучувањето.

**Член 14**

(1) Во рок од 30 дена од отпочнување со одлучување по барањето, Комисијата изготвува записник во кој се утврдува постоењето, односно непостоењето на штетата, како и причините за настанувањето на штетата и времетраењето на прекините и изготвениот записник веднаш се доставува до членовите на Комисијата. .

(2) Во записникот се запишуваат податоците за членовите на Комисијата кои присуствувале на седницата, означување на предметот, односно името на производителот, односно потрошувачот за чие барање се расправа, датумот на одлучувањето, мислењата на членовите на Комисијата.

(3) Ако во рок од пет работни дена, од денот на приемот на записникот, ниту еден член на комисијата не достави писмени забелешки во однос на наводите содржани во записникот, се смета дека записникот е конечен.

(4) Член на Комисијата којшто не се согласува со наводите содржани во записникот има право во рок од пет работни дена од денот на приемот на записникот да достави писмени забелешки во однос на наводите содржани во записникот.

(5) Комисијата во рок од три работни дена од денот на приемот на писмените забелешки од став (4) на овој член ги вградува во записникот, по што записникот станува конечен.

(6) Записникот во четири еднакви примероци го потпишуваат сите членови на Комисијата, од кои два за операторот, еден за производителот и еден за независниот член.

(7) За водење на записникот и за чување на оригиналните записници од седниците на Комисијата се грижи операторот.

**Член 15**

(1) Комисијата во рок од осум дена од составување на Записникот од член 14 од овие правила донесува:

- Одлука за одбивање на барањето во кое ги образложува причините за одбивање, или
- Одлука за усвојување на барањето со која ги определува износот на надоместокот на штета и начинот на којшто е извршена пресметката за определување на износот на надоместокот.

(2) Одлуката од став (1) од овој член, ја потпишуваат сите членови на Комисијата, односно мнозинството од членовите на комисијата кои гласале одлуката да биде донесена.

(3) Одлуката од став (1) од овој член, Комисијата ја доставува до операторот, производителот, односно потрошувачот, независниот член и Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Член 16**

(1) Овој деловник влегува во сила со денот на објавувањето на веб страницата на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје , а по претходно добиено одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Në bazë të nenit 7, paragrafi (3) të Rregullave për përcaktimin e kompensimit të dëmit të shkaktuar prodhuesve dhe konsumatorëve të energjisë elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë " nr. 231/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut "nr. 39/21), dhe në përputhje me nenin 19 të Statutit të Operatorit të sistemit elektrotransmetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri Aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 165/2020), Këshilli Drejtues i ShA MEPSO në pronësi shtetërore, Shkup në mbledhjen e 81 -të të mbajtur më 29.07.2021 me Vendimin KD nr. 02-4341 / 3 pas miratimit paraprak nga Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut me Vendimin nr. 12-100 / 5 datë 19.08.2021, solli:

# RREGULLORE

## për punën e Komisionit për verifikimin e dëmeve dhe përcaktimin e shumës të kompensimit të dëmeve

I. Dispozita të përgjithshme

### Neni 1

(1) Kjo Rregullore përcakton mënyrën e punës dhe miratimin e vendimeve të Komisionit për konstatimin e dëmeve dhe përcaktimin e shumës së kompensimit për dëmet (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) në përputhje me Rregullat për përcaktimin e kompensimit për dëmet e shkaktuara për prodhuesit dhe konsumatorët e energjisë elektrike (në tekstin e mëtejmë: Rregulla).

### Neni 2

(1) Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri Aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup (në tekstin e mëtejmë: operatori) formon Komision të veçantë për çdo kërkesë të paraqitur për kompensim të demit nga prodhuesi ose konsumatori i energjisë elektrike.

### Neni 3

(1) Komisioni përbëhet nga:
- një anëtar i përcaktuar nga operatori i sistemit të transmetimit
- një anëtar i përcaktuar nga prodhuesi dhe
- një anëtar i pavarur nga radhët e ekspertëve të licencuar në fushën e elektroteknikës të regjistruar në Regjistrin e ekspertëve të udhëhequr nga Ministria e Drejtësisë.

### Neni 4

(1) Në rastet kur operatori, bazuar në kërkesën e prodhuesit, nuk mund të formojë Komision për faktin se nuk mund të dorëzojë propozim për anëtarë të pavarur, nga ekspertët e licencuar në fushën e elektroteknikës, si dhe kur Kryetari i Odës së Ekspertëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut nuk mund të emërojë një ekspert në fushën e elektroteknikës si anëtar i pavarur i Komisionit, operatori vepron në përputhje me nenin 6-a të Rregullave për përcaktimin e kompensimit për dëmin e shkaktuar prodhuesve dhe konsumatorëve të energjisë elektrike (në tekstin e mëtejmë: Rregulla)

### Neni 5

(1) Komisioni aktivitetin e tij e zhvillon në Shkup, në drejtorinë e operatorit, rr. "Maksim Gorki" nr. 4,ndërsa edhe sipas nevojës kryhet inspektimi në vend.
(2) Komisioni nuk ka vulën e vet dhe vulë arkivore. Aktet dhe korrespondenca zyrtare e komisionit verifikohen në arkivin e operatorit me vulën arkivore të operatorit.

(3) Punët administrative për nevojat e Komisionit i kryen operatori.

II. Organizimi i brendshëm i Komisionit

**Neni 6**

(1) Komisioni menaxhohet nga kryetari i Komisionit i cili është përgjegjës për punën objektive, transparente dhe jodiskriminuese të Komisionit.
(2) Kryetari i Komisionit është anëtar i pavarur nga radhët e ekspertëve të licencuar në fushën e inxhinierisë elektrike të regjistruar në Regjistrin e ekspertëve të udhëhequr nga Ministria e Drejtësisë, ose person i përcaktuar në përputhje me nenin 6-a të Rregullave.
(3) Kryetari i Komisionit nënshkruan Deklaratë për mospasje konflikt interesi.
(4) Mbledhjet e Komisionit menaxhohen nga kryetari.
(5) Kryetari thërret mbledhjet e Komisionit nëse ka pëlqim nga të gjithë anëtarët.
(6) Vendimet e Komisionit miratohen me shumicën e votave të numrit të përgjithshëm të anëtarëve të Komisionit.
(7) Komisioni punon deri në përfundimin e procedurave të parapara në përputhje me Ligjin për Energjetikë dhe Rregullat, të filluara me dorëzimin e kërkesës për kompensim.

**Neni 7**

(1) Kryetarit dhe anëtarëve të Komisionit u ndërpritet puna në Komision, nëse:

- paraqesin kërkesë personale për përjashtim nga emërimi

- duke zgjidhur mosmarrëveshjen,

- mungojnë në mënyrë të pajustifikueshme në punën e Komisionit për më shumë se 2 (dy) muaj,

- ka papajtueshmëri në kryerjen e punës ose konflikt interesash dhe

- veprojë në kundërshtim me Ligjin për Energjetikë dhe në kundërshtim me Rregullat.

III. Fushëveprimi i punës së Komisionit

**Neni 8**

(1) Komisioni kryen aktivitetet sin ë vijim:

- shqyrton kërkesat për kompensim nga prodhuesit ose konsumatorët e energjisë elektrike,

- kërkon deklarata nga drejtuesit e impianteve elektroenergjetike ose persona të tjerë të punësuar ose të angazhuar nga operatori dhe / ose prodhuesi,

- kryen inspektim të drejtpërdrejtë të objekteve, pajisjeve, impianteve, pajisjeve dhe instalimeve të prodhuesit ose konsumatorit,

- përgatit procesverbal në të cilin konfirmohet ekzistenca, pra mosekzistimi i dëmit, si dhe arsyet e krijimit të dëmit dhe kohëzgjatja e ndërprerjeve,

- përcakton shumën e kompensimit dhe mënyrën në të cilën kryhet llogaritja për përcaktimin e kompensimit,

- merr vendime për refuzimin e kërkesës për kompensim, gjegjësisht miratimin e kërkesës për kompensim

**Neni 9**

Anëtari i Komisionit i cili për arsye të justifikuara pengohet të marrë pjesë në mbledhje të Komisionit, është i detyruar të informojë kryetarin e Komisionit në kohën e duhur.

IV. Mënyra e punës së Komisionit

**Neni 10**

(1) Kërkesa për kompensimin e dëmit dorëzohet në arkivin e Operatorit, ku personi i autorizuar verifikon atë me vulë duke paraqitur me numrin e duhur të çështjes dhe shtojcat, në përputhje me rregullat për punë arkivore dhe punë zyre.
(2) Së bashku me kërkesën, prodhuesi dorëzon dhe propozimin e tij anëtarit të Komisionit.

**Neni 11**

(1) Pas themelimit të Komisionit, kërkesa e verifikuar i paraqitet kryetarit të Komisionit, ndërsa kopjet e kërkesës u dorëzohen anëtarëve të Komisionit.
(2) Nëse vërtetohet se kërkesa nuk është e kompletuar, kryetari i Komisionit do të ftojë parashtruesin e kërkesës që ta plotësojë kërkesën brenda 15 ditëve.
(3) Nëse parashtruesi i kërkesës nuk e plotëson kërkesën brenda afatit të përcaktuar në paragrafin (2) të këtij neni, Komisioni do të miratojë Aktvendim për refuzimin e kërkesës për kompensim.
(4) Korrespondenca midis anëtarëve të Komisionit zhvillohet në formë të shkruar dhe elektronike.

V. Thirrja e mbledhjeve dhe përcaktimi i rendit të ditës

**Neni 12**

(1) Komisioni punon në mbledhje.
(2) Mbledhjet caktohen nga Kryetari i Komisionit.
(3) Kryetari i Komisionit cakton mbledhje sipas nevojës.
(4) Kryetari i Komisionit njofton anëtarët e Komisionit për ditën, orën dhe vendin e mbledhjeve dhe atë, jo më vonë se tre ditë para mbledhjes.
(5) Në fillim të takimit, kryetari fortifikon nëse të gjithë anëtarët janë të pranishëm në mënyrë që Komisioni i plotë të vendosë dhe të propozojë orarin për shqyrtimin e çështjeve.

VI. Puna dhe vendimmarrja në mbledhjet e Komisionit

**Neni 13**

(1) Komisioni mund të diskutojë dhe të vendosë nëse është në përbërje të plotë.
(2) Në fillim të mbledhjes, kryetari i Komisionit i jep fjalën përfaqësuesit të parashtresës së kërkesës për kompensim.
(3) Anëtarët e Komisionit kanë të drejtë të shqyrtojnë kërkesën, shkresat e lëndës , si dhe të parashtrojnë pyetje në lidhje me vendimmarrjen.

**Neni 14**

(1) Brenda 30 ditëve nga fillimi i marrjes së vendimit për kërkesën, Komisioni përgatit procesverbal në të cilin përcaktohet ekzistenca ose mosekzistimi i dëmit, si dhe arsyet e krijimit të demit dhe kohëzgjatja e ndërprerjeve dhe procesverbali i përgatitur u dorëzohet anëtarëve të Komisionit.

(2) Në procesverbal regjistrohen të dhënat për anëtarët e Komisionit që morën pjesë në mbledhje, shënimi i lëndës, përkatësisht emri i prodhuesit, d.m.th konsumatorit kërkesa e të cilit po diskutohet, data e vendimit si dhe mendimet e anëtarëve të Komisionit.

(3) Nëse brenda pesë ditëve të punës, nga dita e marrjes së procesverbalit, asnjë anëtar i komisionit nuk paraqet vërejtje me shkrim lidhur me pretendimet e përfshira në procesverbal, procesverbali konsiderohet i përfundimtar.

(4) Anëtar i Komisionit i cili nuk pajtohet me pretendimet e përfshira në procesverbal ka të drejtë që brenda pesë ditëve të punës nga dita e marrjes së procesverbalit të paraqesë vërejtje me shkrim lidhur me pretendimet e përfshira në procesverbal.

(5) Komisioni, brenda tri ditëve të punës nga dita e marrjes së vërejtjeve me shkrim nga paragrafi (4) i këtij neni, i inkorporon ato në procesverbal, pas së cilës procesverbali bëhet përfundimtar.

(6) Procesverbali në katër kopje të barabarta nënshkruhet nga të gjithë anëtarët e Komisionit, nga të cilët dy për operatorin, një për prodhuesin dhe një për anëtarin e pavarur.

(7) Operatori kujdeset për mbajtjen e procesverbalit dhe mbajtjen e procesverbalit origjinal nga mbledhja e Komisionit.

**Neni 15**

(1) Komisioni, brenda tetë ditëve nga përpilimi i Procesverbalit të përmendur në nenin 14 të këtyre Rregullave, sjell:

- Vendim për refuzimin e kërkesës në të cilin shpjegon arsyet e refuzimit, ose

- Vendim për miratimin e kërkesës që përcakton shumën e kompensimit dhe mënyrën në të cilën është bërë llogaritja për të përcaktuar shumën e kompensimit.

(2) Vendimin nga paragrafi (1) i këtij neni nënshkruhet nga të gjithë anëtarët e Komisionit, gjegjësisht nga shumica e anëtarëve të Komisionit që votuan për marrjen e vendimit.

(3) Vendimin nga paragrafi (1) i këtij neni, Komisioni e dorëzon deri te operatori, prodhuesi, gjegjësisht konsumatori, anëtari i pavarur dhe deri te Komisioni Rregullator për Energjetikë dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Neni 16**

(1) Kjo Rregullore hyn në fuqi ditën e publikimit në faqen e internetit të Operatorit të sistemit elektroransmetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri Aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup,ndërsa pas miratimit paraprak nga Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**УО бр. /KD nr. 02-4341/3-1**
**29.07.2021 година**

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**ShA MEPSO në pronësi shtetërore,Shkup**
**Drejtori Gjeneral**

**Kushtrim Ramadani**